**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-17/6**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**До**
**Јавна здравствена установа,**
**Универзитетски клинички центар Скопје**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје (во понатамошниот текст Клинички центар) со состојба 04.09.2007 година, денот на на настанување на статусна промена, кои се прикажани на страните од 14 до 16.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје за 2004 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
    - Проф. д-р. Борче Георгиевски - В.Д.Директор на Клинички центар од 29.09.2006 година до 04.09.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 13, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 28.01.2008 година до 11.04.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на завршна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 24.07.2008 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 1204-17/5. Истите беа разгледани и забелешките на точката 11.4.2. алинеја 2 беше прифатена поради дополнително доставена документација додека останатите се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *11.1. Систем на интерни контроли во процесите*

**Процес на наплата, уплата и пренос на готовинските средства**

11.1.1. Клинички центар нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на Клинички центар и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по овој основ, ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Процес на евидентирање на влезни фактури**

11.1.2. При оцена на системот на интерни контроли на процесот на евидентирање на влезни фактури во клиничка аптека констатирана е ненавремена и нехронолошка сметководствената евиденција. Ваквата состојба се должи на непостоење на контролни постапки што создава ризик од некомплетност и нецелосност на искажаните превземени обврски како и нереални и необјективни податоци во финансиските извештаи.

**Процес на следење на залихи**

11.1.3. Клинички центар нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицинските материјали ниту во рамките на Клиничка аптека ниту во рамките на секоја организациона единица - клиника пооделно, а воспоставениот контролниот систем е незадоволителен. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Клинички центар.



----------------------------

**Процес на јавни набавки**

11.1.4. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки ревизијата констатира нефукционирање на контролни постапки и тоа во делот на:

- набавка на производи и услуги по најповолни услови и
- следење на реализацијата на одредби од договорите во однос на навремено и целосно изведување на инвестиционите активности.

Ваквата состојба овозможува нееднаква положба на понудувачите, нефер конкуренција, можност за набавки по зголемени цени како и можност извршувањето/изградбата на капиталните објекти да не се реализира во временски утврдените рокови или во целост.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

11.2.1. Завршната сметка на Клинички центар е изготвена со состојба на ден 04.09.2007 година, иако Клинички центар е бришан од Централниот регистар на РМ на ден 05.09.2007 година, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници согласно кој финансиски извештаи мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Завршната сметка е изготвена со состојба на ден 04.09.2007 година по добиени инструкции од Известувањето од страна на Министерство за здравство. Неинкорпорирање на сите промени во финансиските извештаи до денот на бришење на Клинички центар од Централен регистар на РМ, предизвикува податоците искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

11.2.2. Управниот одбор на Клинички центар завршната сметка со состојба 04.09.2007 година ја усвоил со задоцнување на ден 31.01.2008 година, спротивно на член 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници согласно кој "Буџетите и буџетските корисници се должни годишните сметки да ги достават до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија ........ во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена". Ненавременото усвојување на завршната сметка на Клинички центар создава можност од ризик правните следбеници своето работење да го отпочнат без веродостојни и навремени податоци за почетната состојба на своите права и обврски како и можност од нереални и необјективни финансиски извештаи.

11.2.3. Со бришење на Клинички центар од Централен регистар на РМ како правен субјект, не е извршено затварање на сметките кај носителите на платниот промет, истите и понатаму биле активни и преку нив се вршени финансиски трансакции се до денот на нивното затварање односно до 07.03.2008 година, спротивно на Одлуката за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје, согласно која во член 38 е предвидено дека со денот на упис во Централен регистар на РМ на Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти, истата ги превзема побарувањата и долговите на Клинички центар настанати до денот на статусната промена, а средствата од затворените сметки на Клинички

центар, носителот на платниот промет треба да ги пренесе на нејзината сметка.

Од страна на ревизијата доставено е писмо со кое е побарано да се достават на увид сите изводи за промените на состојбата на средствата на сметките до денот на гасење на истите, но истите не беа доставени во целост, со образложение дека не располагаат со нив.

Од расположливата документација ревизијата констатира дека по бришење на Клинички центар како правен субјект од Централен регистар на РМ, вршени се плаќања на обврски спрема добавувачи во вкупен износ од 40.467 илјада денари. Ревизијата изразува сомневање во реалноста на искажаните обврски кон добавувачи во финансиските извештаи, како и законската и наменската исплата на овие средства.

11.2.4. Правилникот за организација и систематизација на работните места на Клинички центар, како акт со кој се уредува внатрешната организација и работа, не предвидува број на извршители за секое работно место по организациони единици - клиники, како и опис и попис на работните места (освен за Клиничка аптека) со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Клинички центар, спротивно на член 28 од Правилникот.

Некомлетноста на наведениот Правилник придонесува Клинички центар да нема утврден критериум за потребниот број на вработени лица во однос на бројот на реално вработените, можност за отстапувања од оптималните потреби за број на вработени, како и немање поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.

11.2.5. Со пописот на материјалните средства, побарувањата, обврските, паричните средства и изворите на средства со состојба на ден 04.09.2007 година не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Неспроведен попис согласно законската регулатива придонесува нереално и необјективно проценување на билансните позиции во финансииските извештаи.

11.2.6. Клинички центар врши исплата за дежурства на вработените како прекувремена работа во здравство како надоместок на плата, за кои се пресметува и исплатува персонален данок на доход, а не како додаток на плата спротивно на Законот за работни односи согласно кој ....„платата е составена од основната плата, дел од платата за работната успешност и додатоците„......, „додатоците се определуваат за посебните услови при работа, кои произлегуваат од распоредот на работното време и тоа за ........продолжена работа.....„. Воспоставената пракса дежурството како додаток на плата да не се инкорпорира во основната плата на работникот придонесува нереално утврдување на основицата за пресметка на плата и придонеси од плата, како и на основицата за пресметка и остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување (пензија).

## *11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.3.1. Клинички центар финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), спротивно на член 18 од Законот за

сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

11.3.2. Со ревизија на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирани се следните неправилности:

- обврската за партиципација кон ФЗОМ, како приход на ФЗОМ, се евидентира во висина на износот на уплатените средства од страна на организационите единици-клиники, а не во висина на износот на пресметана партиципација, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Ревизијата констатираше дека износот на пресметана партиципација изнесува 91.793 илјади денари, додека износот на наплатена партиципација изнесува 88.265 илјади денари. Поради воспоставениот начин на евидентирање, обврската за пресметана партиципација е искажана во помал износ од 3.528 илјади денари.
- не се врши континуирана уплата на средства по основ на наплатена партиципација на сметката на ФЗОМ, истата се евидентира на крајот на годината како обврска спрема ФЗОМ, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради нередовно уплаќање на средствата, како и неизвршено усогласување на меѓусебните побарувања и обврски по основ на партиципација со ФЗОМ, на ден 04.09.2007 година Клинички центар имал обврска кон ФЗОМ по овој основ во износ од 85.148 илјади денари и
- не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја организациона единица - клиника, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Непочитување на законската регулатива и немање на процедури, придонесува Клинички центар да нема евиденција за побарувањата и обврските на секоја организациона единица - клиника, пооделно по овој основ.

11.3.3. Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали, констатирано е дека Клиничка аптека влезот и излезот на лекови и медицински потрошен материјал не го евидентира хронолошки и навремено со секоја настаната промена туку на определен временски период, поради што ревизијата констатира неусогласеност помеѓу материјалната и финансиската евиденција и тоа на вкупниот влез на лекови во износ од 69.176 илјади денари (материјалната евиденција изнесува 905.940 илјади денари, сметководствената евиденција изнесува 975.116 илјади денари) и на вкупниот излез на лекови неусогласеност во износ од 70.701 илјади денари (материјалната евиденција изнесува 888.044 илјади денари, сметководствената евиденција изнесува 958.745 илјади денари), спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Вака воспоставената пракса, нефункционирањето на контролни механизми, неизвршен попис на залиха на лекови и медицински материјали во Клиничка аптека со состојба на ден 04.09.2007 година, создава можност од злоупотреба и манипулација при управување и користење со истите, поради што ревизијата не беше во можност да се

увери во реалноста на залихите на лекови и медицински материјали во износ од 16.371 илјади денари.

11.3.4. Со ревизија на побарувањата од ФЗОМ за извршени здравствени услуги, констатирани се следните неправилности:
- побарувањата се искажани во поголем износ за 91.793 илјади денари, кој се однесува на обврска за пресметана партиципација, која е приход на ФЗОМ согласно член 36 од Законот за здравствено осигурување, поради погрешен начин на евидентирање во сметководствената евиденција,
- плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ се врши авансно, а не во висина на реално извршените здравствени услуги, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Поради воспоставениот начин на финансирање, од страна на ФЗОМ исплатени се средства во износ од 62.437 илјади денари повеке од реално извршените здравствени услуги и
- не е извршено комплетно усогласување на побарувањата со сите Подрачни служби на ФЗОМ, спротивно на член 21 од Законот сметководството за буџетите и буџетските корисници,
поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните побарувања од ФЗОМ за извршени здравствени услуги во износ од 1.130.823 илјади денари.

11.3.5. Во текот на ревизијата беа доставени конфирмации за усогласување на побарувањата и обврските искажани во финансиките извештаи. Од вкупно испратените конфирмации за усогласување на побарувањата добиени се 11,76%, од кои 50% не се усогласени со евиденцијата на Клинички центар. Од вкупно испратените конфирмации за усогласување за обврските добиени се 28,57%, од кои 37,50 % се усогласени, додека 62,50 % не се усогласени со евиденцијата на Клинички центар. Поради малиот број на добиени одговори, како и нискиот процент на усогласеност, ревизијата не ја потврдува реалноста и објективноста на искажаните побарувања и обврски во финансиските извештаи.

## 11.4. *Ненаменско и незаконско користење на средствата:*

11.4.1. Во текот на 2004 година, врз основа на Пилот програма за економска самостојност на организационите единицини кои се во состав на Клинички центар, Управниот одбор на Клинички центар донел одлуки со кои се определени три клиники - нефрологија, кардиологија и гинекологија и акушерство да функционираат како пилот клиники, кои правно остануваат да постојат во состав на Клинички центар со свои подсметки на кои ќе се уплаќаат средства од посебните програми за здравствена заштита, лекување на неосигурени лица, лекување на странски државјани, наплатена партиципација на осигурени лица и други приходи што ги остваруваат од вршење на дејноста и со кои средства пилот клиниките самостојно ќе располагаат и управуваат. Согласно одлуките, склучени се Договори помеѓу Клинички центар и ФЗОМ за секоја пилот клиника одделно, со кои се регулираат нивните меѓусебни односи, со важност до 31.12.2004 година.
Со ревизија на доставената документација, констатирано е следното:
- не е доставена Пилот програма за економска самостојност на организационите единици, поради што ревизијата не можеше да ги утврди целта и економско–финансиската оправданост на функционирањето на пилот клиниките, предвидениот рок за реализација на оваа програма, очекуваните резултати и ефекти од нејзина примена, како и критериумите за мерење на ефектите од ваквиот начин на функционирање на клиниките;

- пилот клиниките немаат превземено иницијатива за склучување на нови договори за регулирање на меѓусебните односи по истекот на важноста на договорите склучени со ФЗОМ;
- подсметките на пилот клиниките продолжуваат да функционираат до 04.09.2007 година, односно до денот на бришењето на Клинички центар во Централен регистар на РМ;
- не е доставен годишен план за развој и инвестиции што секоја клиника треба да го изработува согласно член 17 од Договорот склучен со ФЗОМ, како ни финансиски план за секоја пооделна година.

Поради горенаведеното, ревизијата се обрати со Писмо за доставување на целокупната документација со која располага Клинички центар. До денот на изготвувањето на ревизорскиот извештај истата не е доставена, поради што ревизијата се оградува од давање мислење за наменското и законското користењето на средствата на секоја клиника пооделно.

*11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со ФЗОМ за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.19/04).
- Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу ФЗОМ и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на ФЗОМ. Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Клинички центар може да ги набави во тековната година. Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови на Клинички центар му се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

  Започнувајќи од 18.04.2007 година, здравствените установи набавката на лекови ја вршат со Образец за месечно требување на лекови за болничка здравствена заштита, за кој одобрение/финансиска согласност дава ФЗОМ.
- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 31.755 илјади денари.
- Вршени се набавки од мала вредност за одреден вид или група на стоки и услуги, повеќе пати во годината, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.19/04), во износ од 21.811 илјади денари.
- Должничко доверителните односи продолжуваат по склучени договори од минати години за одржување на компјутерска опрема и реконструкција на водоводни и фекални канализации во вкупен износ од 4.043 илјади денари, спротивно на член 10 и член 11 од Законот за јавни набавки.
- Во текот на 2007 година поради незавршена тендерска постапка, а со цел да се избегне можноста имотот на Клинички центар да остане неосигуран до потпишување на нов Договор за осигурување, склучувани се анекси на Договор за осигурување на имот и опрема бр.0307-507/34 од 28.12.2005 година (со важност до 01.01.2007 година) и превземени се обврски по овој основ во износ од 22.288 илјади денари, спротивно на Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.19/04).
- Со Договор бр.0307-3251/1 од 12.04.2002 година, склучен помеѓу Клинички центар и ДПТГ "Делта-Пром" Велес во износ од 539.704 илјади денари, по претходно спроведена постапка за јавна набавка започната е изградба на

нов објект Клиника за гинекологија и акушерство. Кон основниот договор склучени се два Анекси кон Договорот со кои се намалува вредноста на договорот за износ од 23.813 илјади денари. Изградбата е започната со обезбеден грант од Република Кина - Тајван во износ од 5.000.000 УСД и обезбедени дополнителни средства од ФЗОМ во износ од 200.000 илјади денари.

Со ревизија на Договорот за изградба на објект Клиника за гинекологија и акушерство и превземените активности, утврдено е следново:

- изведувачот согласно член 4 од Договорот се обврзал договорените работи да ги изврши во рок од 18 месеци од денот на стапувањето на сила на истиот, односно најкасно до 12.2003 година, за што е обезбедена банкарска гаранција во висина од 5% од вкупната вредност од договорот, со важност до 03.12.2003 година,
- согласно член 22 од Договорот изведувачот се обврзал да плати пенали доколку не ги изврши договорените работи во предвидениот рок,
- согласно времените ситуации, изведувачот до крајот на 2003 година извел градежни работи во износ од 152.283 илјади денари, односно реализирал 28,22% од договорените работи,
- сите градежни работи кои се изведуваат по истекот на рокот на завршување на договорените работи, односно по 12.2003 година, се без обезбедена гаранција.

Со ден 04.09.2007 година, се уште не е завршена изградбата на објектот, од страна на изведувачот. Извршени се градежни работи во износ од 422.754 илјади денари што претставува 81,95% од договорените градежни работи. Ревизијата се оградува и од посочениот процент на изведени работи, доколку се земе во предвид и временскиот период за кој на објектот не се одвиваат градежни активности и истиот е отворен и изложен на оштетување и стареење. Исто така поради ненавремена реализација на договорот и промена на курсот на доларот остварена е загуба од курсни разлики во однос на доделените средства со грантот.

И покрај тоа што изведувачот не одговорил навремено и во целост на обврските согласно договорот, Клинички центар не превзел мерки и активности за завршување на објектот Клиника за гинекологија и акушерство односно нема превземено мерки за активирање на банкарската гаранција, ниту се пресметани и наплатени казнени пенали за ненавремено извршување на работите. Поради ваквата состојба Клинички центар сеуште не располага и не управува со објектот, а воедно се доведува во прашање и наменското и законското користење на исплатените средствата за изградба на објектот.

- Склучен е Договор за деловно техничка соработка број 0307-4345/19 од 10.10.2005 година помеѓу Клинички центар и Венекс Весна ДОО Скопје, за „Реализација на сообраќајно техничка документација за сообраќајното уредување на сообраќајот во кругот на Клинички центар и одржување и подобрување на воспоставеното сообраќајно решение за времетраење на договорениот однос, реализирање на проект за автоматизиран систем на управување и стопанисување со паркирањето во комплексот на Клинички центар во временски период од 8 години; реализација на решение за замена на одземените постојни зелени површини заради изградба на нови паркинг места и улици, со изградба на нови зелени површини и реновирање на постоечките паркинг места и изградба на нови паркинг места во комплексот на Клинички центар„, по претходно спроведена постапка за јавна набавка по отворен повик бр.18/2005.

  Врз основа на доставената документација констатирано е следното:

- ревизијата не беше во можност да се увери во законски спроведената постапка за јавна набавка, поради недоставена комплетна тендерска документација;
- од записникот за одржаното јавно отварање на понудите, констатирано е дека доставени се две понуди при што една иста фирма се јавува и во двете понуди и тоа: во едната како носител на понудата, а во втората понуда има склучено договор за деловно техничка соработка со носителот на понудата, поради што ревизијата изразува сомневање во законски извршениот избор на понудувачот;
- со договорот Клинички центар ги отстапува на користење и ги предава во владение постоечките паркинг места како и површините каде што се предвидува изградба на нови паркинг места на изведувачот во временски период од 8 години, без претходно донесена одлука од страна на Управниот одбор на Клинички центар и Министерство за здравство како носител на правото на недвижностите,
- не е формирана Комисија за увид и контрола во работењето на изведувачот согласно член 5 од договорот, со што Клинички центар можел да врши контрола во реализацијата на договорените обврски;
- согласно член 6 од договорот, изведувачот е должен комлетното реновирање, изградбата на нови паркинг простори како и воведувањето на комлетна автоматика во работењето да го заврши во рок од 80 дена од денот на потпишување на договорот односно до 19.01.2006 година. Клинички центар не располага со документ/акт со кој може да ја потврди реализацијата на договорните обврски од страна на изведувачот.

Ревизијата смета дека е склучен договор без претходно извршена пресметка/елаборат за оправданоста од склучување на ваков вид на договор, односно давање на паркинг просторот на користење и управување на друго правно лице во наредните 8 години и добивање владение по истекот на тие 8 години.

Иако ревизијата се обрати со писмо број 0502-1261/1 од 10.03.2008 година до директорот на Јавната установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти (како назначено лице за контакт) за добивање на комплетна документација во врска со наведениот договор, истата не и беше доставена од причини што Јавната установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти не располага со истата, поради што ревизијата се оградува од давање мислење за целосна реализација на договорот.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.3, 11.2.1, 11.2.5, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.4, 11.3.5. и 11.4.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Клинички центар Скопје, под 04 Септември 2007 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.4. кај Јавна здравствена установа Клинички центар Скопје, не е остварено законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за период од 01.01. до 04.09.2007 година.

14. Ревизијата има обврска да истакне дека одговорните лица определени за соработка со ревизорите од страна на Министерството за здравство не обезбедија доволна кооперативност со што го отежнуваа навременото и економичното

извршување на ревизијата. Не беше ставена на располагање целокупната потребна документација, исправите, извештаите и другите евиденции неопходни за спроведување на државаната ревизија.

15. Врз основа на Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3888/1 од 26.06.2007 година донесена од Влада на РМ извршена е поделба на Клинички центар на 30 Јавни здравствени установи и Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти и нивна пререгистрација во Централен регистар на РМ.
    Согласно член 33 од Одлуката со денот на упис во Централен регистар на РМ, Јавните здравствени установи и Јавната установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти (како правни следбеници), ги превземаат вработените, просторот и опремата, средствата за работа и објектите во организационите единици - клиниките во кои ги вршат дејностите.
    Со Решение број 10-16020/1 од 16.10.2007 година, донесено од страна на Министерство за здравство, формирана е Комисија за спроведување на делбен биланс за поделба на имотот на Клинички центар во однос на објектите, просторот, амфитеатрите, предавалните, целокупната опрема, основните средства и друг инвентар, како и нивно евидентирање во сметководствената евиденција и тоа во рок од најмалку 15 дена од денот на донесувањето на решението.
    До денот на вршење на ревизија делбениот биланс сеуште не е спроведен.
    Ваквата состојба создава можност организационите единици - клиниките како правни следбеници своето работење да го отпочнат без точни податоци за состојбата на средствата и нивните извори, а информациите кои ги даваат нивните финансиски извештаи да се нереални и необјективни.
    Поради бришење на Клинички центар како правно лице од Централен регистар на РМ, препораките во однос на утврдените неправилности констатирани во текот на ревизијата, ќе ги доставиме како прилог-составен дел од овој извештај, во насока на подобрување на функционирањето, раководењето и работењето на правните следбеници како јавни здравствени установи, како и поради превземање активности и мерки од страна на надлежните институции, а се во функција на подобрување и рационализација на организацијата и работните текови, оптимизирање на потрошувачката на ресурсите, подобрување на планирањето, развојот, евалуацијата и акредитацијата на извршените здравствени услуги на пациентите, со цел обезбедување наменско и законско користење на средствата и повисок стандард на здравствена заштита на осигурениците.

    Во текот на ревизијата Уставниот суд донесе одлука со која ја поништи одлуката на Владата на РМ за поделба на Клинички центар. Исто така на 27.07.2008 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита со кој е регулирано дека статусните промени (припојување, спојување и поделба ) на јавните здравствени установи ги носи Владата на РМ.

16. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата и обврските на Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти како правен следбеник на Клинички центар и тоа:
    - судски постапки во кои тужител е Клинички центар и тоа по основ на побарувања од правни лица во износ од 24.693 илјади денари и побарувања од физички лица за извршени здравствени услуги во износ од 41.723 илјади денари и
    - судски постапки во кои тужена страна е Клинички центар и тоа по основ на обврски кон правни лица во износ од 39.751 илјади денари и обврски кон физички лица во износ од 3.344 илјади денари.

Од страна на Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти доставено е Писмо бр.0306-3-201/1 од 01.04.2008 година, со кое ревизијата се известува дека горенаведените податоци се нецелосни поради недоставени судски предмети од страна на одделни правни служби во рамките на поодделни организациони единици - клиники се до моментот на вршење на ревизијата.

**Препораки:**

1. Министерството за здравство, ФЗОМ и другите надлежни институции да превземат активности со кои правните следбеници на Клинички центар во најкус можен рок ќе превземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти, заради постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на сигурен финансиски менаџмент, што ќе овозможи законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

2. Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти во соработка со надлежните институции да превземе мерки и активности за утврдување на точната состојба на побарувањата и обврските кои ги превземала од Клинички центар, заради понатамошно уредување на динамиката и начинот на подмирување на превземените долгови. Исто така надлежните институции да ја преиспитаат законската исплата на средствата по денот на бришење на Клинички ценатар од Централен регистар на РМ.

3. Правните следбеници на Клинички центар да донесат интерни акти за внатрешната организација, работа и систематизација на работни места со точно утврден број на извршители за секое работно место, опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените со што ќе се обезбедат предуслови за ангажирање на оптимален број на вработени кај секој поединечен правен следбеник односно кај секоја јавна здрвствена установа.

4. Правните следбеници на Клинички центар да вршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и нивните извори, потрошениот материјал и ситниот инвентар, опремата, побарувањата и обврските.

5. Министерството за здравство, ФЗОМ, Министерството за финансии и другите надлежни институции во соработка со правните следбеници на Клинички центар и останатите јавни здрвствени установи да превземат мерки исплатата на средствата за дежурства на вработените како прекувремена работа во здравство да се исплаќа како додаток на плата согласно Законот за работни односи.

6. Правните следбеници водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да го вршат во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

7. Правните следбеници на Клинички центар да вршат евидентирање на побарувањата и обврските по основ на партиципација во сметководствената евиденција. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжуваат пооделно секоја работна единица на клиниката и

понатаму секое лице кое врши прием на средствата, како и да се донесат процедури/интерни упатства со кои ќе се дефинираат обврските по овој основ во секој сегмент одделно, со што ќе се избегне можноста од затајување и злоупотреба на уплатените средства, а уплатата кон ФЗОМ да се врши континуирано во текот на годината.

8. Поради значајноста на позицијата Залихи во Јавните здравствени установи, правните следбеници на Клинички центар во најкус можен рок да превземат мерки за донесување и воспоставување на соодветни пишани процедури, контролни механизми како и сметководствени политики и начела за: прием, издавање, евидентирање, следење на потрошокот, состојба на залихите на лекови и медицински материјали, да се изврши усогласување на реалната состојба на залихите со состојбата искажана во сметководствената евиденција, во базата на податоци на Клиничка аптека и базата на податоци во секоја клиника пооделно, со што ќе се овозможи следење на реалниот потрошок, намалување на можноста од злоупотреба при управување и користење, како и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите.

9. ФЗОМ, плаќањето на средствата за извршените здравствени услуги од страна на правните следбеници, да го врши во висина на реално извршените здравствени услуги.

10. Правните следбеници да вршат усогласување на побарувањата и обврските со своите коминтенти најмалку еднаш годишно.

11. Правните следбеници да обезбедат доследна примена на Законот на јавни набавки, а ФЗОМ како надлежен орган за следење на наменското и законското работење да врши контрола над спроведувањето на истите.

12. Надлежните институции да превземат мерки и активности за завршување на започнатите инвестиционо-градежни работи на објектот Клиника за гинекологија и акушерство со цел обезбедување повисок стандард на здравствена заштита на осигурениците.

13. Министерството за здравство, ФЗОМ и другите надлежни институции да превземат активности за преиспитување на законската реализација на договорот, односно согласно договорот да формира Комисија за увид и контрола во реализацијата на договорените обврски.

14. Комисијата задолжена за спроведување на делбениот биланс на имотот на Клинички центар (во однос на објектите, просторот, амфитеатрите, предавалните, целокупната опрема, основните средства и друг инвентар), во најкус можен рок да ги заврши отпочнатите активности во однос на делбата, со што правните следбеници ќе добијат точни и релевантни податоци за почетната состојба за имотот со кој располагаат и управуваат.

**Скопје, 20.09.2009 година** **Овластен државен ревизор**



----------------------------

**Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар - Скопје**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ДЕН 04.09. 2007 ГОДИНА**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **04.09.2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 152,998 | 198,817 |
| Трансфери и донации | 2,485,433 | 3,708,295 |
| Домашно задолжување | 0 | 48,937 |
| **Вкупно приходи** | **2,638,431** | **3,956,049** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 922,508 | 1,216,429 |
| Стоки и услуги | 1,712,816 | 2,578,679 |
| Каматни плаќања | 11,273 | 7,426 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2,646,597** | **3,802,534** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 33,231 | 138,943 |
| **Вкупно капитални расходи** | **33,231** | **138,943** |
| **Отплата на главнина** | **8,271** | **3,869** |
| **Вкупно расходи** | **2,688,099** | **3,945,346** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **-49,668** | **10,703** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **-49,668** | **10,703** |
| **Непокриени расходи** | **49,668** | **0** |

**Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар - Скопје**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 04.09.2007 ГОДИНА**

**во 000 ден.**

| Опис на позицијата | 04.09.2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 28,762 | 96,794 |
| Хартии од вредност | 0 | 1 |
| Побарувања | 1,281,682 | 1,237,283 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 3,957 | 5,831 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 5,402 | 5,319 |
| Побарувања од вработените | 311 | 584 |
| Финансиски и пресметковни односи | 210 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 42 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 940,047 | 562,104 |
| Залихи | 204,853 | 192,187 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,465,266** | **2,100,103** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 8,618 | 8,618 |
| Материјални добра и природни богатства | 161,901 | 161,901 |
| Материјални средства | 1,413,620 | 1,522,308 |
| Материјални средства во подготовка | 504,369 | 467,830 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1,090 | 1,090 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,089,598** | **2,161,747** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 1,329,239 | 1,287,842 |
| **Вкупна актива** | **5,884,103** | **5,549,692** |
| *Вонбилансна актива* | 1,208,887 | 1,190,590 |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 901,352 | 1,198,153 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 2,350 | 3,728 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4,130 | 19,717 |
| Обврски спрема државата и други институции | 558 | 540 |
| Финансиски и пресметковни односи | 903 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 125 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 9,217 | 69,212 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,364,475 | 1,411,338 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2,282,985** | **2,702,813** |
| **Долгорочни обврски** | **36,896** | **45,168** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3,564,220 | 2,801,709 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3,564,220** | **2,801,709** |
| **Извори на други средства** | **2** | **2** |
| **Вкупна пасива** | **5,884,103** | **5,549,692** |
| *Вонбилансна пасива* | 1,208,825 | 1,190,590 |

**Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА НА 04.09. 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **2,551,458** | **250,251** | **2,801,709** |
| **Зголемување по основ на:** | **889,088** | **4,593,911** | **5,482,999** |
| Набавки | 14,216 | 4,593,911 | **4,608,127** |
| Пренесена добивка од претходна година | 10,578 | - | **10,578** |
| Донација | 27,766 | - | **27,766** |
| Корекции од субјектот заради пресметковно сметководство | 639,161 | - | **639,161** |
| Дадени рабати | 197,367 | - | **197,367** |
| **Намалување по основ на:** | **139,820** | **4,580,668** | **4,720,488** |
| Расходување | 4,036 | - | **4,036** |
| Расходи за трошење на залихи на лекови, материјали и ситен инвентар | - | 4,580,668 | **4,580,668** |
| Амортизација | 135,784 | - | **135,784** |
| **Состојба 04.09.2007 година** | **3,300,726** | **263,494** | **3,564,220** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1006-45/1***
***Скопје, 15.01.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97........133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје со состојба 04.09.2007 година бр.1204-17/12 од 01.10.2008 година. Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното:

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на наодите во точките 11.1.4, 11.2.2, 11.2.5, 14. и 15. од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје со состојба 04.09.2007 година, доставено од г-дин проф. д-р Борче Георгиевски, поранешен в.д.Директор**, не се прифака**.
2. Приговорот на наодите во точките 9. и 11.4.2. од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје со состојба 04.09.2007 година, доставено од г-дин проф. д-р Борче Георгиевски, поранешен в.д.Директор, **делумно се прифаќа**.
3. Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје со состојба 04.09.2007 година поднесен е приговор бр. 1204-17/12 од 01.10.2008 година.

Образложението за неприфаќање односно делумно прифаќање на приговорот по одделни точки е следното:

1. Приговорот на наодот од точката 11.1.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на нефункционирањето на контролните постапки во делот на набавка на производи и услуги по најповолни цени и следење на реализацијата на договорите за изведување на инвестициони активности, **не се прифаќа,** поради тоа што ревизијата констатира неправилности во склучувањето, спроведувањето и реализацијата на наведени договори.

2. Приговорот на наодот од точката 11.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на задоцнетото усвојување на завршната сметка од страна на Управниот одбор, **не се прифаќа,** поради тоа што во случај на статусна промена на субјектот, завршната сметка се усвојува и доставува до надлежните институции најкасно во рок од 60 дена од денот на промената.

3. Приговорот на наодот од точката 11.2.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неспроведен попис согласно законска регулатива, **не се прифаќа,**

поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за состојбата која што и е констатирана во самиот извештај.

4. Приговорот на точка 14. од Конечниот извештај, а кој се однесува на необезбедена кооперативност на лицата определени од Министерство за здравство за соработка со ревизорите, **не се прифаќа** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за состојбата која што и е констатирана во самиот извештај.

5. Приговорот на точка 15. од Конечниот извештај, а кој се однесува на денот на статусната промена на субјектот, неспроведен делбен биланс до денот на завршување на ревизијата, **не се прифаќа** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за состојбата која што и е констатирана во самиот извештај.

6. Приговорот на точка 9. од Конечниот извештај, а кој се однесува на изборот на субјектот - предмет на ревизија **делумно се прифаќа** и тоа:

- по основ на приговорот дека е ревидиран субјект кај кој во текот на годината настанала статусна промена **не се прифаќа** од причина што Државниот завод за ревизија врши ревизија согласно донесената Годишна програма за ревизија и

- по основ на приговорот во однос на обезбедување основа за изразување на мислење за извршената ревизија **се прифаќа**, поради делумно прифаќање на приговорот на точка 11.4.2. и последната реченица од точката 9 ...... „Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.„ се брише.

7. Приговорот на наодот од точката 11.4.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непримена на постапките од Законот за јавни набавки, **делумно се прифаќа и тоа:**

- поради дополнително доставената документација ревизијата констатира дека и бил ограничен делокругот на работа односно оневозможен увид во целокупната документација, поради што во точката 11.4.2. под насловот **„**Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки„ се додава нов став кој гласи: „Од увидот во доставената и расположливата документација ревизијата го констатира следното:

- приговорот на **алинеа 1** кој се однесува на тоа дека не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали **се прифаќа** и истиот се брише, поради дополнително доставен договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

- приговорот на **алинеа 3** кој се однесува на превземени обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка **делумно се прифаќа**, поради дополнително доставени постапки за јавни набавки и договори во износ од 19.155 илјади денари и сега гласи: „За превземените обврски за набавка на стоки и услуги не е доставена документација за спроведена постапка за јавна набавка во износ од 12.600 илјади денари.

Поради прифаќање на дополнително доставената документација од алинеа 3, **алинеа 5** која се однесува на превземени обврски во 2007 година по склучени договори од минати години, се менува и гласи: „Должничко доверителните односи продолжуваат по склучени договори од минати години во износ од 6.201 илјади денари, спротивно на член 10 и член 11 од Законот за јавни набавки.
Исто така, поради дополнително доставената документација (спроведени постапки за јавни набавки), која во текот на вршење на ревизијата не беше ставена на располагање на ревизорскиот тим за непречено спроведување на ревизијата со што и беше ограничен делокругот на работење, односно оневозможен увидот во целокупната документација со што и се прифати дел од приговорот на наодот од точка 11.4.2. и точката 13. се менува и сега гласи: „Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.4. кај Јавна здравствена установа Универзитетски Клинички центар Скопје, ние не изразуваме мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи со состојба на ден 04.09.2007 година„.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**